Архивски број: 08-319/4
22-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-319/1 од 13.04.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 08.06.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми сторено од страна на Стевчо Јакимовски од Скопје врз граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 13.04.2023 година [redacted] Скопје поднесе претставка бр. 08-319/1. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми врз граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание од страна на лицето Стевчо Јакимовски со адреса на [redacted] Скопје.

Имено, во претставката се наведува дека лицето Стевчо Јакимовски на 30.03.2023 година, на интернет порталот www.skopjel.mk објавена е негова изјава со следната содржина:
„Тие си ги покажаа нозете, односно змијата си ги покажа нозете веќе со француско-бугарскиот договор. Почнаа да отвораат веднаш овие нивни здруженија со провокации. **Веднаш нивните разузнавачки служби почнаа да даваат пари и почнаа да нудат пари за тие што ќе го учат бугарскиот јазик**". Во претставката се наведува дека именуваниот додал „**Бугарите има иредентистички намери кон Македонија** и дека воопшто не го се плашат да го кажат тоа. Тие никогаш не се срамат да кажат дека имаат иредентистички аспирации кон Македонија. Не се срамат тоа да го кажат во Европскиот Парламент, во интервјуа, јавно и така натаму... **Пазете ја тезата „Един народ, две държави"**. Следствено, подносителот истакнува дека пријавениот како

градоначалник на Општина Карпош, „прејудицира дека разузнавачки служби на Република Бугарија, даваат пари и нудат пари за учење на бугарскиот јазик, без притоа да има докази за тоа, напротив истиот клевети, сакајќи да предизвика раздор, омраза и нетрпеливост кон бугарската држава и народ, дотолку повеќе што функцијата не му дозволува да дава вакви изјави „извадени од ракав", бидејќи на територијата на Општина Карпош живеат и македонски бугари, така што тој треба да е градоначалник и на истите, а не да врши сеграгација на македонските бугари поради нивната етничка припадност". Понатаму, се наведува дека „Со изјавата дека „Бугарите има иредентистички намери кон Македонија", господинот Стевчо Јакимовски повторно прејудицира невистини, навредливи кон македонските бугари, бидејќи истите сакаат да живеат во суверена и независна Република Северна Македонија, каде што де факто и де јуре тука се родени, живеат, работат, создаваат семејства, плус Република Северна Македонија и Република Бугарија, се воени сојузници во рамки на НАТО пактот, така што ниту една земја членка на НАТО нема територијални, односно иредентистички намери кон друга држава. Со ваквата изјава очигледно господинот Стевчо Јакимовски поттикнува раздор, омраза и непријателство кон македонските бугари како и кон Република Бугарија, од што вознемирени остануваат македонските бугари кои сакаат да се достојни граѓани живеејќи на територијата на Р.С.Македонија, кои сакаат да се дел од ЕУ и државата да има пријателски односи со Р.Бугарија.". Во однос пак на другата наведена изјава подносителот истакнува „Со изјавата на Стевчо Јакимовски „Пазете ја тезата „Един народ, две държави", истиот повторно врши вознемирување кон македонските бугари, потикнува раздор, омраза и непријателство кон истите, бидејќи македонските бугари не сметаат дека во двете држави живее еден народ, напротив македонските бугари ја признаваат македонската нација и сите други народи кои се наброени во Преамбулата на Уставот на Р.С.Македонија, бидејќи со тие народи живеат, работат, се дружат, создаваат семејства итн.". Оттука, според подносителот „лицето Стевчо Јакимовски-Градоначалник на Општина Карпош, потикнал на дискриминација, сторил вознемирување и сеграгација во смисла на член 9, член 10 став (1) и член 12 в.в со член 3 став (2) точка 6 и член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, конкретно кон граѓаните на Р.С.Македонија со бугарско национално самосознание, така што истиот постапил спротивно на одредбите за заштита на основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот на Р.С.Македонија, меѓународните правни акти ратификувани од Собранието на Р.С.Македонија кои се однесуваат на слободно изразување на националната и етничка припадност како што се: Европската конвенција за човекови права, Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН.". Ваквите тврдења, подносителот ги поткрепува со копија на фотографија од објавата на интернет порталот и интернет врски до истите.

Од страна на Стевчо Јакимовски до Комисијата на 05.05.2023 година е доставен допис – одговор заведен под бр. 08-319/3. Во одговорот именуваниот

истакнува „Изненаден сум од покренатата постапка и преголемата сензитивност на државјаните на Македонија, по род Бугари. Жал ми е што не ме разбираат, затоа што се она што кажувам се факти и вистини. Нигде нема ширење на омраза и дискриминиација И СЕ ОДНЕСУВА ИСКЛУЧИВО НА ПОЕДИНЦИ И ОФИЦИЈАЛНИ ФИНКЦИОНЕРИ, ПРЕТСЕДАТЕЛИ, МИНИСТРИ, ПРАТЕНИЦИ, ЕВРОПРАТЕНИЦИ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА.“.
Понатаму, именуваниот истакнува „Мојата експликација не се однесува на Бугарите кои живеат во Република Македонија. Но, формирањето на здруженијата „Иван Михајлов“; „Цар Борис III“; се со цел да ги повредат чувствата на македонските граѓани, затоа што Ванчо Михајлов, нас Македонците не нарекуваше, цитирам- „говеда“, а цар Борис III е фашист и нацист кој го има потпишано договорот за заштита на нацијата и со тоа грубо се навредуваат чувствата на Евреите во Република Македонија.“.
Како и „Што се однесува до издвоените пари за да се финансираат граѓани или деца што сакаат да учат бугарски јазик е апсурд ако се има предвид дека по официјалната бугарска политика нема македонски јазик, туку само бугарски. Се поставува прашањето дали другите етнички заедница плаќаат за изучување на нивните јазици? Што се однесува до тоа што бараат докази за овие нивни активности, тоа е илузорно, затоа што во разузнавањето се располага со сознанија и информации, не со докази. Само судот работи со докази.“. Тој во одговорот во однос на изјавите во врска со иредентистичките аспирации истакнува „Ве молам погледајте ги изјавите на бугарските европратеници Андреј Ковачев, на министерката која беше гостинка во Битола, па дури и поранешниот претседател Петар Стојанов за кој Охрид е „најромантичниот дел од бугарската историја". Тезите „Бугарија од Черно Море до Охрид"; „Един народ, две държави" не се мои туку на бугарски политичари, историчари, министри и пратеници.“. На крај истакнува дека дадените изјави се однесуваат на тие кои ја негираат македонската култура, јазик и идентитет, а воедно истакнува „искрен да бидам, такво нешто не сум чул да кажат граѓани на Македонија кои себе си се чувствуваат како Бугари или по род се Бугари, па оттаму со чиста совест уште еднаш Ви повторувам дека се што сум кажал не се однесува на нив туку на оние кои живеат од Деве Баир натаму и ја водат или ја претставуваат бугарската држава и немаат ништо заедничко со европските вредности, затоа што со умот сеуште се во Санстефанска Бугарија, што го слават и како државен празник. Замислете, празнуваат договор со кој тие окупираат туѓи територии меѓу кои и Македонија.“.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или

давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 пак, од наведениот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Понатаму, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 од наведениот Закон, вознемирување е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката на подносителот и наводите од одговорот на лицето против кое е поднесена претставката, утврди дека со изјавите не е сторена, дискриминација, односно вознемирување врз основа на етничка припадност.

Комисијата, анализирајќи ја содржината на изјавите, утврди дека истите се дадени во контекст на политички настани и случувања во форма и смисла на критика и сопствен став кон истите. Изјавите експлицитно и имплицитно, се однесуваат на лица кои како носители на функции се вклучени во таквите политички процеси. Следствено, тие се однесуваат и на одредени политички настани или процеси поврзани кои се однесуваат на билатералните односи на Република Северна Македонија со Република Бугарија, како и на процесот на пристапување кон Европската Унија и конкретно на документот во јавноста попознат како „Француски предлог“. Комисијата смета дека изјавите немаат за цел да омаловажат или создадат заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон група на лица, односно граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание, или пак воопшто на група на лица по етничка припадност Бугари, туку истите се објавени во смисла на политичка критика опфаќајќи група на лица кои би се идентификувале со други заштитени карактеристики. Ваквите изјави кои делумно се состојат од изнесување на факти, за Комисијата претставуваат сопствен став и мислење во форма на вредносни проценки.

Оттука, Комисијата утврди дека така објавените текстови, првенствено не претставуваат дискриминација, односно директна дискриминација во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што објавите со таквата содржина и форма не можат да се третираат како дејствија на сторување, односно разликување, исклучување, ограничување или давање првенство на дискриминаторска основа кои имаат за цел спречување, ограничување,

признавање, уживање или остварување на правата и слободите на група на лица на еднаква основа со други. Дотолку што, таквите објави не можат да се сметаат за поповолно, односно понеповолно постапување со една група на лица во однос на друга група на лица во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа во смисла на член 8 став 1 од горенаведенот Закон, со што би се исполнило битието на поимот дискриминација, односно директна дискриминација.

Понатаму во однос на горенаведеното, Комисијата утврди и дека направените објави не претставуваат вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно дека не се исполнува битието на поимот вознемирување согласно дефиницијата утврдена во наведениот член од Законот.

Следствено, Комисијата ценеше дека таквите изјави се во согласност со слободата на изразување. Во таа насока, при носењето на мислењето, Комисијата во предвид ја имаше слободата на изразување, во смисла на член 16 од Уставот на РСМ („Службен весник на РМ“ бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), со кој се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, а цензурата е забранета.

Дополнително на тоа и членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој гласи:

*1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.*

Имено во таа смисла, Комисијата во предвид ја зеде и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, односно случајот „Savva Terentyev v. Russia 10692/09“.

Во конкретниот случај Европскиот суд, се осврнал на праксата на домашните судови при оценување на определена изјава, односно коментар за кој жалителот бил санкциониран. Имено, Европскиот суд забележува дека домашните судови во однос на таквата изјава, се фокусирале на природата на формулацијата на изјавувачот, лимитирајќи ги своите наоди на формата и тонот на говорот, додека не се обиделе да ја

анализираат спорната изјава во контекст на релевантна дискусија и притоа да откријат која идеја се сакало да се пренесе. Според Европскиот суд, исходот на определен случај, повеќе зависи од меѓусебната зависност, односно поврзаност на различните фактори, отколку земањето во предвид на секој од нив засебно. Врз основа на таквиот принцип, Европскиот суд го ценел конкретниот случај, со посебно внимание на природата и формулацијата на оспорената изјава, во кој контекст е објавена, потенцијалот да води до штетни последици и причините кои го оправдуваат ограничувањето на истата. Оттука, Европскиот суд утврдил дека при утврдувањето на фактичката состојба домашните судови не ги земале во предвид сите релевантни факти и околности, па следствено на тоа нивното образложение не може да се смета за релевантно и доволно за да се оправда попречувањето на слободата на изразување на жалителот.

Во согласност со таквата пракса, Комисијата ги ценеше сите факти и околности, кои како такви ја определуваат природата на направените објави, во кој контекст се објавени истите, смислата на идејата на објавите, како и дали истите резултираат со штетни последици.

Комисијата наведува дека донесување на одредено мислење во рамки на нејзините законски надлежности, не претставува пречка за лицето или групата на лица кои се чувствуваат засегнати од одредена изјава за која сметаат дека е заснована на невистинити или спорни факти, да побараат заштита во судска постапка пред надлежен суд во чии рамки би се докажувало дали изјавата претставува клевета, имено согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.

Претседател на Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

1. [redacted]
2. *Стевчо Јакимовски, ул. Радика бр. 9, Скопје*
3. *Архива на Комисијата*